| Предмет: Ликовно | |
|---|---|
| Тема: ЦРТАЊЕ Вкупно часови: 15 Време за реализација во текот на цела година | |
| Изготвиле: Билјана Чурлевска Маневска | Изготвиле: Билјана Чурлевска Маневска |
| Адаптирале: | Адаптирале: |

| содржини<br>(и поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основни средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни материјали, цртање).** | ▪ Препознава и именува различни средства и материјали за цртање. | 1 | ▪ Наставникот ги покажува, опишува основните средства за цртање, ги објаснува нивните карактеристики и својства и демонстрира што и како со нив може да се нацрта. | ▪ Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, мрсни боици, креди, фломастери, природни материјали, штафелаи...). | ▪ усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• практичната активност за време на часот (учество во активностите);<br>• изработените ликовни творби (цртање, сликање, печатење, пластично обликување);<br>• учеството во изработка на заеднички творби |
| | ▪ Именува подлоги и материјали за цртање | 1 | ▪ Учениците, поделени во мали групи, се договараат да креираат заеднички цртеж во кој ќе претстават предмети, појави и/или објекти од непосредната околина, а потоа го цртаат, при што секој од групата придонесува со цртање на одделен елемент од цртежот. | • Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти, посета на музеи и ликовни изложби и др.). | |
| | ▪ Прави разлика меѓу цртежи од различни материјали. | 1 | ▪ Учениците, поделени во мали групи, добиваат различни средства и материјали за цртање и ги класификуваат според видот. | ▪ Средства и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни и вештачки материјали). | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• практичната активност за време на часот (учество во активностите);<br>• изработените ликовни творби (цртање, сликање, печатење, пластично обликување); |
| | | | ▪ Учениците, користејќи различни средства и материјали за цртање се цртаат себе, најблиските – другарчињата, членовите на семејството, предмети и појави од околината, домот и училиштето, омилените ликови од приказните и песничките | | |
| **Основи на ликовниот јазик во цртањето (точка, линија, боја, насока, големина, форма).** | ▪ Ги опишува цртежите преку ликовниот јазик. | 3 | ▪ Учениците, во мали групи, цртаат на хартија различни линии (хоризонтални, вертикални, брановидни, прави, криви, цик-цак и др.), а потоа, во рамки на групата, се движат во просторот според нацртаните линии. | ▪ Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, мрсни боици, креди, фломастери, природни материјали, штафелаи...). | ▪ усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• практичната активност за време на |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | • Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти, посета на музеи и ликовни изложби и др.). | часот (учество во активностите); |
| | ▪ Црта разновидни линии со комбинирање на различни средства и материјали | 2 | ▪ Учениците цртаат со природен материјал на различни подлоги по дадени насоки од наставникот, на пример, со пластични виљушки цртаат долги, кратки, прави, криви, тенки, дебели линии.<br><br>▪ Учениците креираат ликовни творби со различни алатки за цртање: јаглен, молив, графит, креда, пастел... | • Средства и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни и вештачки материјали). | ▪ изработените ликовни творби (цртање, сликање, печатење, пластично обликување);<br>• учеството во изработка на заеднички творби |
| **Едноставен цртеж (цртеж, линии: тенки, дебели, хоризонтални, вертикални, коси, брановидни, отворени, затворени, испрекинати, долги, куси, прави, криви, цик-цак и др.)** | ▪ Разликува и споредува различни видови линии.<br><br>▪ Црта предмети и објекти, користејќи различни линии.<br><br>▪ Самостојно конструира едноставни цртежи на компјутер (себеси, другарчето, со различни линии создава форми, на пример, круг, квадрат, триаголник, црта емотикони, сонце, дожд...). | 2<br><br>3<br><br>2 | ▪ Учениците воочуваат сличности меѓу дланката и лист од јавор со помош на лупа и ликовно ги претставуваат со цртеж. | ▪ Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, мрсни боици, креди, фломастери, природни материјали, штафелаи...).<br>• Средства и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни и вештачки материјали). | ▪ усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• практичната активност за време на часот (учество во активностите); |
| | | | ▪ Учениците се оспособуваат за креирање на едноставен цртеж на компјутер со помош на наставникот | ▪ Аудиовизуелни средства: Телевизор, ДВД-плеер, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, паметна табла (смарт-табла), таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди. | • изработените ликовни творби (цртање, сликање, печатење, пластично обликување);<br>• учеството во изработка на заеднички творби |
| Оценување на наученото | | | ▪ За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување).<br>▪ Сумативната оценка се изведува врз основа на целокупните податоци добиени од следењето на постигањата на ученикот и формативното оценување преку користење на различните техники на формативното оценување, при што наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно во рамки на секое програмско подрачје. | | |